# Е-ИНФО 45

ПАКОМАК СЕЛЕКТИРАЈ ИДНИНА

## АКТИВНОСТИ НА ПАКОМАК ЗА ПЕРИОД ЈАНУАРИ, ФЕВРУАРИ И МАРТ 2023 ГОДИНА

ПАКОМАК
ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПАКУВАЊЕ И ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ

PRO EUROPE

# АМБАЛАЖАТА ШТО ИМА МИНАТО, МОЖЕ ДА ИМА И ИДНИНА!

**КРАТОК ПРЕГЛЕД НА АКТИВНОСТИТЕ НА „ПАКОМАК”
ЗА ПЕРИОД ЈАНУАРИ, ФЕВРУАРИ И МАРТ 2023 ГОДИНА.
ИНФОРМИРАЈТЕ СЕ ЗА РЕАЛИЗИРАНИТЕ ПРОЕКТИ
ЧИЈА ЦЕЛ Е ПРОМОЦИЈА НА ВАЖНОСТА НА СЕЛЕКЦИЈА
И ПРЕРАБОТКА НА АМБАЛАЖНИОТ ОТПАД.**

**ЈАНУАРИ, ФЕВРУАРИ И МАРТ 2023 ГОДИНА**

# 1 ПОСТАВЕНИ НОВИ ПОВРАТНИ ВЕНДИНГ МАШИНИ

„Пакомак“ со цел олеснување на процесот на селекција на амбалажниот отпад на почетокот на годината во некои маркети постави нов софистициран модел на вендинг машини и тоа:

- во 8 маркети „Веро“ низ Скопје
- во 2 маркета „Веро“ во Тетово
- во 15 маркети „Тинекс“ во Скопје




Овие повратни вендинг машини се побрзи, поедноставни за користење и со поголем капацитет од претходните.

Претходниот модел вендинг машини од маркетите „Веро“ ќе бидат поставени во основни училишта низ Скопје, Берово и Гевгелија, со цел едукација и поттик за селекција на амбалажен отпад уште од најмала возраст.

Две нови вендинг машини ќе бидат поставени за користење во рудникот „Саса“, каде што 700 рудари секојдневно пијат барем по едно шише вода. Со овој чекор ќе се зголеми и бројот на селектирани и рециклирани шишиња.

**ПРИДОБИВКИТЕ ЗА КОРИСНИЦИТЕ ОСТАНУВААТ ИСТИ, ЗА ЕДНО ШИШЕ ИЛИ ЛИМЕНКА ДОБИВААТ ПО ЕДЕН ЗЕЛЕН ПОЕН.**

# 2 МАПА НА ПОСТАВЕНИ ПОВРАТНИ ВЕНДИНГ МАШИНИ

Со почетокот на новата година се зголеми и бројот на поставени повратни вендинг машини на територија на Скопје, со цел граѓаните да имаат полесен и поголем пристап до машините. Мапата на поставени машини е достапна на веб-страницата на „Пакомак“.



# 3 ПРОМОЦИИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА НОВИТЕ ПОВРАТНИ ВЕНДИНГ МАШИНИ

Во јануари „Пакомак“ организираше промотивни активности во маркетите „Тинекс“ и „Веро“ за правилно користење на новите повратни вендинг машини. Домаќинки, кои беа детално обучени за користењето и за функционирањето на новите повратни вендинг машини, ги учеа посетителите за правилниот начин на нивно користење.

Посетителите беа запознаени и со тоа која амбалажа се селектира во машините, а која не, како и за користењето на апликацијата „Екомак“, собирањето и искористувањето на зелените поени. Во машините може да се пуштаат пластични шишиња и алуминиумски лименки.

Целта на промоциите, покрај едукација за начинот на користење на новите повратни вендинг машини, беше и поттикнување поголем број луѓе да се вклучат во процесот на селекција на амбалажен отпад, кој е сега полесен и поедноставен.



# 4 СНИМАЊЕ ВИДЕОСПОТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПОВРАТНИТЕ ВЕНДИНГ МАШИНИ

Со цел правилно користење на новите повратни вендинг машини беше снимен и едукативен видеоспот, со познатиот актер Игор Ангелов. Во спотот е детално прикажан целосниот процес за правилна селекција на пластични шишиња и лименки, правилно користење на самите вендинг машини, апликацијата „Екомак“, како и користење на зелените поени.

„Пакомак“ доби пофални зборови за овој видеоспот, кој е корисен за сите тие што селектираат или сакаат да почнат да селектираат амбалажен отпад. Видеозаписот може да се погледне на веб-страницата на „Пакомак“, на нивниот официјален профил на „Фејсбук“, како и на „Јутјуб“.

https://www.youtube.com/watch?v=vzzJgS8l6Qc






# 5 НОВО КАТЧЕ ЗА ПОВРАТНИТЕ ВЕНДИНГ МАШИНИ

Од страна на „Пакомак“ во секој од маркетите каде што има простор до повратната вендинг машина беше поставен нов постер каде што има и посебен простор за складирање отпад што не се селектира во машината. Целта е на корисниците на повратните вендинг машини да им се овозможи поедноставен процес на селекција и на тој амбалажен отпад што не се селектира во машините.



# 6 ПОДДРШКА НА КОНЦЕРТНИ АКТИВНОСТИ ВО МАВРОВО

Во февруари познати музички изведувачи од Македонија и од регионот настапуваа во Маврово. „Пакомак“ беше поддршка на овие концертни активности, се појави и со комуникација и видеоанимација на концертниот видеоекран, каде што на публиката преку едукативни пораки им ја пренесе важноста за селекција на амбалажниот отпад.



# 7 ПРОЕКТ СО ШВАЈЦАРСКАТА АМБАСАДА – КАМИОНИ ЗА СЕРВИСИРАЊЕ НА КОНТЕЈНЕРИТЕ КАКО ИГЛО

Како надополнување на веќе почнатиот проект со швајцарската амбасада за реализација на паметен систем за управување отпад од пакување, одобрена е донација во вредност од 250.000 евра од страна на швајцарската амбасада.

Донацијата е за набавка на два нови камиона за сервисирање на контејнерите како игло.

Со оваа донација проектот на „Пакомак“ со швајцарската амбасада се продолжува до декември 2024 година.

# 8 НАЈАВА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НОВА ПОВРАТНА ВЕНДИНГ МАШИНА

Од страна на Ротари клуб Прилеп е најавено купување една повратна вендинг машина и таа ќе биде поставена во маркетот „Футура“ во Прилеп.



# 9 ПРОМОЦИЈА НА ПРОЕКТ СО „ПИВАРА СКОПЈЕ“

„Пакомак“ е партнер во проектот на „Пивара Скопје“ за заштита на Охридско Езеро. Со овој проект, под мотото „Наша гордост, наша одговорност“, се поттикнува зачувување чиста животната средина, како и зачувување на Охридско Езеро.

Како дел од овој проект беа организирани акции за чистење на седум локации во Охрид, на вкупна површина од 100.000 м2, со повеќе од 100 волонтери од „Пакомак“ и од „Пивара Скопје“. „Пакомак“ како партнер во овој проект донираше опрема за чистење (ракавици, кеси, гумени чизми и слично) и беше одговорен за селектирање на амбалажниот отпад што се собра со акциите.

Од чистењето во Охрид беа собрани вкупно 30 кубни метри отпад.



# 10 „ПАКОМАК“ ПОСТАВИ ЕДУКАТИВНИ ТАБЛИ ВО ОСНОВНИ УЧИЛИШТА

Со цел едукација на најмалите за придобивките од селекција и рециклирање на отпадот, како и за правилниот начин на селекција, „Пакомак“ постави едукативни табли во училниците и во ходниците во повеќе основни училишта во Прилеп и во Битола.



# 11 ОБЈАВЕН КОНКУРСОТ ЗА „TRASH FOR ART“ ЗА 2023 ГОДИНА

„Пакомак“ во март го распиша годинашниот конкурс за „Trash for Art“. Поддржувачи на конкурсот се „Прилепска пиварница“ и „Нула отпад“, кои обезбедија и специјални награди за дела направени од амбалажа на „Прилепска пиварница“ и за дела од електронски отпад.

Конкурсот, како и секоја година, е отворен за сите возрасни и деца, кои може да се пријават во три категории, и тоа: 1) градинки, 2) основни училишта и 3) поединци и други организации. За секоја категорија се доделуваат по три награди, односно прво место – 30.000 денари, второ место – 20.000 денари и трето место – 10.000 денари.

Специјални награди од 30.000 денари ќе се доделат на две посебни дела, едното изработено само од амбалажен отпад на „Прилепска пиварница“, а другото само од електронски отпад.



# 12 СОРАБОТКА НА „ПАКОМАК“ СО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

„Пакомак“, заедно со Општина Кавадарци, одржа презентација за повратните вендинг машини пред бизнис-заедницата со цел презентација на придобивките и на можноста за инвестирање во повратни вендинг машини со цел да учествуваат и локални компании, како општествено одговорни компании.

Целта на соработката е да се подигне свеста за важноста на селектирањето амбалажен отпад – пластика и лименки, со тоа да се селектира и собира амбалажниот отпад во повратните вендинг машини на „Пакомак“, кои ќе бидат поставени на територијата на општина Кавадарци.



# СЕЛЕКТИРАЈ ИДНИНА


ПАКОМАК
СЕЛЕКТИРАЈ
ИДНИНА